**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 107, став 1, точка 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 7 од Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот бр. 02-214 од 27.2.2009 (Универзитетски гласник бр. 109/2009), Универзитетскиот сенат, на 22. седница одржана на 29.5.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите и постапката за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: УКИМ), кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност.

**Член 2**

За научници на УКИМ кои во една календарска година покажуваат врвни резултати во научноистра-жувачката дејност може да бидат избрани најмногу 6 (шест) кандидати, од секое научноистра-жувачко подрачје најмногу по еден кандидат.

На УКИМ може да се избере и еден најдобар уметник.

**Услови за избор**

**Член 3**

За научник, односно уметник кој покажува врвни резултати во

научноистражувачката, односно уметничката дејност се избира лице во работен однос на УКИМ.

**Критериуми за избор**
**Член 4**

Критериумите за избор на научник опфаќаат, особено:

- објавен научен труд (монографија, дел од монографија, прегледен труд, оригинален научен труд, кратко соопштение) во меѓународно или во домашно списание;
- објавена статија во зборник од меѓународен или домашен научен собир;
- лицето да било предавач по покана на научен собир во странство или во земјата;

Критериумите за избор на уметник опфаќаат, особено:

- добиена награда за концерт, музичко дело, изложба, претстава, филм (во странство или во земјата);
- добиена позитивна критика за концерт, музичко дело, изложба, претстава, филм (во странство или во земјата).

**Постапка за избор**
**Член 5**

Постапката за избор на научници и уметник на УКИМ кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност ја спроведува Одбор за избор на научници на УКИМ кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност (во натамошниот текст: Одбор).

Ректорот со решение го формира Одборот.

Одборот го сочинуваат 5 (пет) члена.

Член и претседател на Одборот, по функција, е ректорот на УКИМ.

**Избор**
**Член 6**

Изборот се врши во постапка по објавен интерен конкурс.

Одборот го објавува конкурсот.

Конкурсот ги содржи условите, критериумите и доказите што треба до Одборот да ги достават предлагачите, рокот за пријавување и сл.

Конкурсот се објавува на веб-страницата на УКИМ, а во материјална и електронска форма се доставува до единиците на УКИМ.

**Член 7**

Предлози за избор на научници, односно уметник, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност, до Одборот може да поднесат: единица, односно повеќе единици на УКИМ од соодветно подрачје.

Предлагачите од став 1 на овој член треба подробно да го образложат предлогот.

Во предлогот треба да се содржани и биографски податоци, податоци, односно докази за исполнетост на условите и критериумите за избор на најдобри научници, односно уметник на УКИМ.

Предлогот со доказите се доставува до УКИМ во материјална и во електронска форма на цеде.

**Член 8**

По завршувањето на конкурсот, Одборот врши евалуација на поднесената документација од предлагачите и донесува конечна одлука за избор.

При евалуацијата на документацијата поднесена од предлагачите, Одборот може да се соработува со Комисијата за наука на УКИМ.

**Член 9**

На избраните најдобри научници, односно уметник им се доделува паричен износ кој го утврдува ректорот на УКИМ.

Средствата од став 1 на овој член се обезбедуваат согласно со Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на УКИМ.

Прогласувањето на научниците, односно уметникот, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност го врши ректорот.

**Член 10**

За научник на УКИМ, односно уметник, лицето може да биде избрано еднаш во кариерата.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 11**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност бр. 02-870/10 од 20.11.2012 година (Универзитетски гласник бр. 231/2012) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност бр.02-1047/10 од 9.9.2014 година (Универзитетски гласник бр. 298/2014).

**Член 12**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**